# И Н Ф О-К О Ч А Н И

## МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

www.kocani.gov.mk Општина Кочани
Градоначалник на Општина Кочани

## АПРИЛ 2025 г.





**Венко Крстевски – избран за вршител на должноста градоначалник на Општина Кочани**

Со 9 гласа „за“ во вториот круг гласање, на 14 април 2025 година, на 62. седница, Советот на Општина Кочани го избра Венко Крстевски за вршител на должноста градоначалник на Општина Кочани.

Крстевски, кој во Советот на Општина Кочани е втор мандат независен советник, доби повеќе гласови од Гоце Марков, предложен во изборот за в. д. градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата.

Крстевски се заблагодари за поддршката што му ја дадоа колегите советници повикувајќи ги сите граѓани со конструктивни предлози да дадат свој придонес.

– Време е за обединување, време е за работа. Ќе бидам мост помеѓу народот и институциите. Фокусот ќе ми бидат младите како движечка сила, кои треба да го издигнат нашиот град и со чесна и ефикасна работа да ја надминеме апатијата и агонијата во која се наоѓа Кочани – истакна од говорницата Крстевски.

Венко Крстевски ќе ја извршува функцијата градоначалник до редовните локални избори.



**Прва прес-конференција на в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски: Состојбата во Општина Кочани е алармантна, КЈП „Водовод“ има долг од 3 милиони евра, започнуваме борба со дивоградбите**

Вршителот на должноста градоначалник на Општина Кочани Венко Крстевски денеска ја одржа првата средба со новинарите.





– Сакам уште еднаш да искажам искрено сочувство на семејствата на починатите и на настраданите во несреќата што се случи во Кочани пред еден месец и да упатам посебен апел до нив дека вратата на Општина Кочани е отворена и може да контактираат со мене во кое било време. Една од првите одлуки што ќе ја потпишам е таа со која на сметката на Фондот на солидарноста на Црвен крст на РСМ, Општина Кочани ќе префрли 3 милиони денари.
Крстевски информираше и за состојбата во Општината.

– Состојбата во Општината е алармантна. Затекнав хаотична состојба со делумни проекти, а таква е и во КЈП „Водовод“, каде што сè уште има правен галиматијас, не се знае дали е валидна оставката на директорот, нема ни технички директор, а долгот е 3 милиони евра, најмногу по основ на електрична енергија. Катастрофална е состојбата и со човечките ресурси во ТППЕ – Кочани, каде што е потребно да имаме триесет и двајца пожарникари, а имаме 16. Мене како в. д. градоначалник со помош на целата јавност ми останува да се зафатам за работа со драстични промени. Јас сум оптимист и со решавање првин на кадровската состојба во КЈП „Водовод“ ќе направиме тоа да биде функционално. Алармантна е состојбата и во однос на дивоградбите, со кои е нарушена и безбедноста во градот. Во оваа прилика најавувам сериозна борба против дивоградбите, со кривични пријави против незаконските градители, без толеранција и без отстапки кон никого – порача в. д. градоначалникот на Кочани.

Крстевски упати апел до Владата и до сите градоначалници.

– Премиерот имаше ветување дека Општина Кочани ќе добие сериозна финансиска поддршка – тоа нека биде реализирано што е можно побрзо. Апелот до градоначалниците е да ни помогнат во делот на инспекторатите. Општините Кавадарци и Струмица можат да ни помогнат во првичниот пристап за решавање на проблемот со бездомните кучиња, како и во искуствата со изградба на проектот за прифатилиште – истакна Крстевски.



**СОУ „Гошо Викентиев“ го одбележа патрониот празник – в. д. градоначалникот иницира постапка за воведување општински стипендии во машинската струка**

Кочанското техничкото училиште „Гошо Викентиев“ симболично го одбележа патрониот празник.

По повод 105 години од раѓањето и 81 година од смртта на





Викентиев, в. д.  градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски и општинска, училишна и делегација од семејството Викентиеви положија свежо цвеќе пред бистата на училишниот двор.

На патрониот празник, беа прогласени најуспешните ученици. Ученик на генерацијата 2021 – 2025 е Драган Хаџи Василев, кој воедно е и најуспешниот во електротехничката струка. Од машинската струка, за ученик на генерацијата е прогласен Илија Охомуш, а од сообраќајната струка – Мартина Митева.

Најуспешните ученици добија парични награди и од Фондацијата „Викентиев“.

По средбата со раководните служби во СОУ „Гошо Викентиев“, градоначалникот Венко Крстевски најави иницирање постапка за воведување општински стипендии за учениците што ќе се запишат во машинската струка во ова училиште. Иницијативата произлегува од намалениот интерес за изучување на насоките од секторот машинство, наспроти зголемените потреби од ваков кадар на пазарот на трудот.





**Основно образование дооформија 25 возрасни лица од Кочани**

Вршителот на должноста градоначалник на Општина Кочани Венко Крстевски и претставници на здружението „Ромалитико“ им доделија свидетелства на 25 возрасни лица од Кочани коишто го дооформија своето основно образование, во рамките на проектот за дообразување на возрасни.

Проектот што го спроведе невладината организација „Ромалитико“ се реализира втора година во Кочани и со износ од 200 илјади денари од лани е влезен во Програмата за социјална, детска и здравствена заштита на Општина Кочани, а со ист износ е и поддршката од „Ромалитико“.

Извршниот директор на „Ромалитико“ Елвис Шакири нагласи дека со комплетирањето на основното образованието овие лица се поконкурентни на пазарот на трудот и можат да обезбедат редовно вработување.

Освен дооформување на основното образование, со овој проект четири лица од Кочани се обучија за инсталатери на фотоволтаични панели и осум лица за негуватели на стари лица.

В. д. градоначалникот Крстевски ја истакна отвореноста на Општина Кочани за реализација на проекти со коишто граѓаните ќе ги подобруваат своите образовни можности

| | |
|---|---|
| | со што дадат поголем придонес во локалната заедница.<br><br>Од 25-те лица што го дооформија основното образование, 20 се жени,  а 5 мажи, а според националната припадност 22 се Роми, а тројца се Македонци. |
| <br> | **Предупредување до сите што градат незаконски: Започнува строго контролирање на бесправната градба!**<br><br>Венко Крстевски, в. д. градоначалник на Општина Кочани најавува борба со незаконското градење истакнувајќи дека законските прописи и мерки ќе важат подеднакво за сите!<br><br>Според Кривичниот законик, казната за тој што гради на туѓо земјиште без одобрение или спротивно на одобрението издадено од надлежен орган е од три до осум години затвор.<br><br>– Предупредувањето  е  превентивно. За оние што ќе се спротивстават ќе има кривични пријави, записник, решение за отстранување, а имотот ќе прејде во сопственост на државата, додава Крстевски.<br><br>В. д. градоначалникот на Кочани потсетува дека со легалното градење се плаќаат комуналии, со кои се полни општинскиот буџет со средства кои потоа ќе се вложат во проекти од јавен интерес, во корист на целата заедница. |
| <br> | **Мирче Паунов – нов в. д. директор на КЈП „Водовод“ – Кочани**<br><br>Вршителот на должноста градоначалник на Општина Кочани Венко Крстевски го именува Мирче Паунов за нов в. д. директор на КЈП „Водовод“ – Кочани.<br><br>– Паунов е внатрешно решение за КЈП, со кого заеднички ќе работиме на финансиска консолидација, реорганизација и подобрување на услугите што ги испорачува „Водовод“. Ќе бидеме фокусирани на скратување на сите непотребни трошоци, сè со цел „Водовод“ што побрзо да излезе од финансиската криза. Мирче Паунов е чесен човек, кој доаѓа од угледно семејство и верувам дека ќе ја продолжи традицијата на значаен јавен придонес за заедницата. Со назначувањето на Паунов започнуваме со департизација во раководењето и вработувањата и професионално функционирање на јавниот сектор – соопшти в. д. градоначалникот.<br><br>Крстевски најави дека од Државниот завод за ревизија ќе побара вонредна ревизија за работењето на КЈП „Водовод“, кое има долг од околу 3 милиони евра. |

| | |
|---|---|
| | Новиот в. д. директор Мирче Паунов е дипломиран машински инженер, со 14-годишно работно искуство во КЈП „Водовод“ како вработен и раководител на Комунална хигиена. |
| <br><br> | **Крстевски – Костадинов: средба за солидарност**<br><br>Струмица е првата општина што ѝ подаде рака на Општина Кочани.<br><br>В. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски и градоначалникот на Општина Струмица Костадин Костадинов на 23 април во Струмица потпишаа Меморандум за соработка меѓу двете општини, кој се очекува да прерасне во Договор за меѓуопштинска соработка.<br><br>Костадинов заедно со Секторот за инспекциски служби во Општина Струмица ги претстави плановите и динамиката за асистенција и споделување искуства и знаење со инспекциските служби во Кочани. На средбата со Крстевски посебно беше потенциран проблемот со уличните кучиња којшто Струмица го реши благодарение на Стационарот „Лана“.<br><br>Крстевски му се заблагодари на градоначалникот на Струмица за поддршката и покажаната солидарност кон Кочани.<br><br>– Помош од граѓаните добиваме секојдневно, нам ни недостасува институционална помош. Нашата општина е сардисана во делот на инспекциските служби и подадената рака во делот на градежните инспектори ја прифаќаме и ќе потпишеме договор за соработка и сакаме позитивните практики од Општина Струмица да ги примениме. Од оваа несреќа треба да извлечеме поука, а таа е дека јавната површина е јавен интерес. Нема да има никаква толеранција кон угостителските објекти коишто го узурпираат јавниот простор и создаваат безбедносен проблем. Со потпишувањето на Меморандумот ќе имаме логистичка помош, ќе имаме насоки од страна на Општина Струмица. Се надевам дека ќе успееме да постигнеме резултати коишто ќе бидат во интерес на граѓаните – изјави Крстевски.<br><br>Тој упати повик за помош од Владата и од сите државни институции и општини бидејќи трагедијата во Кочани е трагедија за целата држава. |





**Презентиран извештајот за донираните средства на сметката на Црвен крст**

Вршителот на должноста градоначалник на Општина Кочани Венко Крстевски се сретна со генералниот секретар на Црвениот крст на РС Македонија Саит Саити. На средбата Саити го презентираше извештајот за собраните средства на Фондот за солидарност за настраданите во трагедијата во Кочани.

– Како што ветив, со Црвен крст обезбедуваме целосна транспарентност на процесот. Од претставениот извештај дознаваме дека има општини коишто немаат донирано средства за помош на Кочани. Наредниов период ќе ги повикаме да му помогнат на Кочани, затоа што ова е време на солидарност – соопшти Крстевски по средбата со Саити.

Официјално, во писмена форма извештајот ќе биде предаден на 24 април.





**Потпишан меморандум за соработка меѓу општините Карпош и Кочани**

По иницијатива на в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски, на 25 април, во Општина Карпош, Крстевски и градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски потпишаа Меморандум за соработка.

На средбата се разговараше за прашања од урбанизмот, инспекцискиот надзор, заштитата и спасувањето.

– Службите од Карпош покажаа подготвеност да помогнат со знаење, искуство и срце. Кочани се соочува со предизвици, но има визија и волја да напредува. Јас и моите сограѓани никогаш нема да ја заборавиме пријателски подадената рака од Јакимовски и карпошани – истакна в. д. градоначалникот на Кочани.



**Уредување на тревните површини во детските паркови во Кочани**

Комуналните служби од Општина Кочани претходната седмица ги уредуваа тревните површини во детските игралишта и паркови во Кочани.

Се косеа површини со бујна вегетација на локации согласно годишната Програма за паркови и зеленило.

Екипите работеа во парковите во Бавчалук, Калиманова

| | |
|---|---|
|  | Глава, Бејрут, на двете игралишта на улицата „Скопска“, а со поддршка на КЈП „Водовод“ и на локацијата на Панаѓурот.<br><br>Одделението за комунални дејности во Општина Кочани ги повикува граѓаните да дадат поддршка во одржувањето на зелените површини – да не ги загадуваат и уништуваат тревниците, дрворедите и поставената урбана опрема. |
|  | **Се одвиваат работите од првата фаза за реконструкција на булеварот „Тодосија Паунов“**<br><br>Во тек се градежните активности од првата фаза за реконструкција на булеварот „Тодосија Паунов“.<br><br>Стручните служби од Општина Кочани информираат дека се бетонираат стопите и се поставува арматурата за потпорните ѕидови. Избраните економски оператори „Стентон градба“ – Битола и „Стоименов“ – Кочани работат на темелната конструкција на потпорните ѕидови, од којашто се изградени стотина метри.<br><br>Целосната реконструкција на булеварот ќе се одвива од спојот со улицата „Киро Кикенски“ до почетокот на разделното зеленило кај СОУ „Гошо Викентиев“, во должина од 1.000 метри.<br><br>Вкупната сума за реализација на договорот за реконструкција на булеварот „Тодосија Паунов“ изнесува 88.463.567 денари, средства одобрени за Општина Кочани од унгарскиот кредит на Владата на РС Македонија. Во финансиската конструкција на овој проект Општина Кочани учествува со сопствени средства во износ од 3 милиони денари. |
| <br><br> | **Јавниот простор е јавен интерес, урбанизмот значи хуманост – в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски одржа средба со корисници на јавни површини**<br><br>Користењето на јавно-прометните површини е законски регулирано и сите корисници коишто отстапуваат од дозволената површина ќе бидат санкционирани. Општина Кочани ја започна постапката за корекција на неправилностите. Безбедноста е првата причина поради која нема да се прават отстапки, а Општината ќе се залага за хуманизација на просторот – ова беше заклучено по средбата на в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски со корисниците на јавни површини, претежно угостителски објекти лоцирани во Трговскиот центар во Кочани. |

<table>
<tr><td></td><td>Со поддршка од инспекциски служби од Општина Струмица на средбата беа пренесени искуства и беше прикажана законската рамка со која се опфатени овие објекти. Приоритет ќе биде обезбедувањето непречен приод на противпожарните возила во Трговскиот центар во Кочани.<br><br>На средбата беше истакната потребата да се прекине практиката на непостапување и неефикасно спроведување на одредбите од законите, коишто ги покажаа последиците во неодамнешната трагедија во Кочани.</td></tr>
<tr><td><br></td><td>Безбедноста на прво место – трибина за законските обврски за управување велосипеди и мотоцикли<br><br>На темата Безбедноста на прво место, во Спортската сала „Сашо Лазарев-Чапо“ во Кочани, се одржа трибина посветена на учесниците во сообраќај со велосипеди, велосипеди со помошен мотор, мопеди, мотоцикли, трицикли, лесни четирицикли и четирицикли.<br><br>Општина Кочани, МВР ОВР Кочани ПО за БПС Кочани и ОСБСП Кочани, со поддршка од ИПА – Интернационалната полициска асоцијација и со Центарот за социјални работи Кочани трибината ја наменија за родителите и за учениците од средните училишта и учениците од деветтите одделенија од основните училишта во Кочани, со цел да се зголеми безбедноста на децата и на младинците како учесници во сообраќајот.<br><br>На трибината беа претставени законските обврски за управување велосипеди, велосипеди со помошен мотор, мопеди, мотоцикли, трицикли, лесни четирицикли и четирицикли, се дискутираше за кршењето на постојните правила и прописи и последиците по здравјето и животите на учесниците во сообраќајот.<br><br>На трибината беше забележано незадоволително присуството на родителите и на младите возачи на мопеди и мотоцикли.</td></tr>
<tr><td></td><td>Црвен крст – Кочани го спроведе Општинскиот натпревар по прва помош<br><br>Црвен крст на РС Македонија – Општинска организација Кочани, на 30 април, во Паркот на револуцијата во Кочани го спроведе Општинскиот натпревар на екипите по прва помош.<br><br>На натпреварот настапија 10 екипи во категориите младинци и подмладок од основните и средните училишта и во категоријата дисеминација.</td></tr>
</table>



Натпреварувачите се натпреваруваа на кружна патека, на пунктови за укажување прва помош на симулирани случаи на повреди, пункт за дисеминација и пунктови со забавни содржини.

Првото место во категоријата младина ѝ припадна на екипата од СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани, додека во категоријата подмладок првото место го освои екипата од ООУ „Кирил и Методиј“ – Кочани.

Најдобро познавање на организацијата на Црвен крст и нејзиното работење прикажа екипата од ОУ „Синиша Стоилов“, која го освои првото место во категоријата дисеминација.

Победничката екипа од категоријата младина, екипата на СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани ќе ја претставува Општинската организација на Црвен крст – Кочани на Регионалниот наптревар на екипи по прва помош што ќе се одржи во мај, во Гевгелија.

## СОВЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ





**Советот на Општина Кочани ја одржа 63. седница**

Советот на Општина Кочани одржа итна седница со три точки на дневниот ред. Итноста произлезе од потребата за апликација на проектот за Дом за престој на стари лица, за што Советот донесе одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежното земјиште.

Општина Кочани ќе поднесе апликација за одобрување средства од унгарскиот кредит за реализација на првата фаза – градежништво и архитектура од Домот за стари лица, со износ од 266 милиони денари. Согласно методологијата за распределување на средствата од овој државен заем, износот за Кочани е 262 милиони денари, но стручните служби објаснија дека по јавното наддавање се очекува вклопување во предвидените рамки.

На 63. седница, Советот донесе Одлука за други проекти за апликација до Владата за помош на Општина Кочани.

Советот ја констатира и неотповикливата оставка од функцијата член на Советот на Општина Кочани поднесена од Кристина Атанасова Арсова.

В. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски информираше за извештајот за донираните средства на Фондот.

**Општина Кочани**
**ул. „Раде Кратовче“ бр. 1**
**2300 Кочани**
**☎ 033 274 001**
**www.kocani.gov.mk**
**info@kocani.gov.mk**